Анархистичка библиотека

„Killing King Abacus“
Да се убие кралот Абакус
2000

reocities.com/kk_abacus/intro
редакциски уводник на списанието *Killing King Abacus* #1,
Santa Cruz, California 2000.

**www.anarhisticka-biblioteka.org**

# Да се убие кралот Абакус

„Killing King Abacus“

2000

нужноста од уништување на тој лавиринт, со тоа што својот проект ќе го поставиме како бунт. Со самото тоа, ние се наоѓаме во постојан судир со ова општество. За да ги уништиме сите препреки кои ни стојат на пат, ќе ни бидат потребни сите идеи и сите огнови до кои можеме да дојдеме.



Да се убие кралот Абакус значи да се создаваат односи *без мерка.* Доколку навистина сакаме да го уништиме капитализмот тогаш мораме да ја отфрлиме и неговата некрофилска логика којашто сите односи ги сведува на броеви. Да се убие кралот Абакус значи да се уништи мрежата од општествени односи коишто предност им даваат на посредувањето и сликите, наместо на директниот, непосреден однос. Бидејќи парите, како универзален еквивалент, се практично сеприменливи, тие имаат власт над другите носители на вредноста; капитализмот ги проголтува сите останати вредносни системи. Да се убие кралот Абакус значи прекин на тој процес на квантификација. Парите можеби се најнепребирливата капиталистичка курва, но капитализмот не е единствениот систем кој се заснова на мерење на вредноста. Правдата, моралот, законот и културата се исто така системи кои го одмеруваат, проценуваат и насочуваат човечкото делување. Ние сакаме да создадеме односи во кои изведувањето на такви едначења ќе биде невозможно. Затоа нашето делување не изискува никаков стандардизиран модел на борба. Во отсуство на вредносен систем, желбата стрела во нов правец. Бунтот е желба која ја отфрла самата идеја на вредност.

Во стара Англија делови од кралското тело станувале мерни единици. Кралското стапало станало стапка. Растојанието помеѓу кралскиот палец и показалецот станало педа. Државниот апарат со време станувал се постандардизиран и побезличен, така што со нашите животи денес владее еден безличен крал, кралот Абакус, но секогаш преокупиран со својата сметка.

Првите часовници биле поставени во исламскиот свет за да ја регулираат молитвата, којашто муслиманите ја изведувале петпати во денот во правилни временски растојанија. Во време на колонијалните освојувања, христијанските мисии биле бази за покрстување на домородците, но и за наметнување на работниот ден и работната недела. Црковните ѕвона ги

регулирале и молитвата и работата. Часовникот бил неизбежен инструмент во процесот на стандардизација на работниот ден. Рационализацијата на времето нѐ има вовлечено во спирала на сѐ поголемо брзање. Ние сакаме да го убиеме тој крал, кралот кој нѐ тера редовно да се молиме на богот на работата.

Да се убие кралот Абакус значи да се создаде насилен прекин на постоечката организација на јазикот, времето и просторот; тоа значи да се проговори со сопствен јазик, да се живее во свое време, да се обликува простор според сопствените потреби. Со самото тоа што ги разбираме идеите изразени со јазикот на власта и капиталот, ние не можеме во целост да ја надминеме нивната рестриктивна логика. До прекин во сегашната општествена организација нема да дојде сѐ додека се одѕиваме на гласот на авторитети кои ја одржуваат таа организација, сѐ додека не почнеме да делуваме според сопствено мислење. За да се повикаме или реагираме на пораките на системот или на некој авторитет, мораме да говориме со нивниот јазик; но односите кон кои тежнееме не можат да се изразат со јазик на авторитетот. Доколку живееме во серија на мигови мерени со часовници кои отчукуваат во ритам на производството, тогаш нашиот живот е само слепо повторување на апстрактните еквиваленти на тие мигови.

Бидејќи јавниот простор се стеснува и дисциплинира, ни останува само просторот омеѓен од барањата на производството и потрошувачката. Теоретичарите на општеството, анархистите, марксистите и буржоаските филозофи, темелно ги истражувале димензиите на времето (историјата), додека просторот бил земан здраво за готово, имајќи штетни последици за сите тие теории. Тоа во голема мера е заслуга на дарвинизмот и еволуционистичките теории од XIX и XX век. Просторот се појавил дури во марксизмот, во Лениновата теорија за империјализмот, и тоа само во рамки на прашањето за националната држава. Сите подоцнежни дебати се занимавале со прашањето за националното ослободување и борбата против колонијализмот. Потоа просторот започнал сѐ повеќе да се појавува во општествената теорија, но повторно само во рамки на полемиката помеѓу национализмот и глобализмот. Таквиот пристап кон просторот во исто време ја остварува и натурализира националната држава (истовремено ја третира како отуѓена општествена форма и како природен феномен). Ние настојуваме да го продлабочиме нашето историско разбирање за просторот, како и нашето просторно (спацијално) сфаќање на капитализмот. Настојуваме на односот помеѓу просторот, капитализмот и државата да не гледаме единствено од национална гледна точка. Симон де Бувоар пишува за големата улога на кафеата во ширење на бунтот. Тоа бил простор во кој луѓето стапувале во директен контакт, каде што можеле слободно да зборуваат со пријателите и непознатите. Капитализмот започнал да бара начини како тие места на собирање да ги стави под контрола, за и во нив да се однесуваме како и на другите потрошувачки места, постојано гледајќи во часовниците, божем извршуваме некаква работа. Доколку не почнеме самите да создаваме свој простор, повеќе нема да имаме каде да се сретнуваме, разговараме и делуваме според сопствените уверувања. Затоа мораме да гледаме и мечтаеме подалеку од идеите и поимите кои служат да го одржат постоечкиот поредок.

Секој кој се обидува да ги прошири животните можности надвор од границите кои ги диктираат државата и капиталот, се соочува со структури на моќ и системи за контрола кои од сите страни ги премеруваат и ограничуваат нашите животи. Работа, закон, власт, училиште, полиција, потрошувачка – вистински лавиринт од препреки кои го дочекуваат секој кој ќе се обиде да исчекори надвор од пропишаните граници, да живее според сопствен ритам, а не според ритам на часовникот. Затоа сите ние кои тежнееме кон квалитет, кон немерлива исполнетост на животот, мораме да се соочиме со